...ИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MA...
...ЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈ...
...OMISION SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIO...
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Nj.Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вреднос Vlera |
| 03 | 1011/1 | | |

19-03-2025

( Образец ПП……)

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**До:** ____________________________________________

**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

____________________________________________

[redacted]

____________________________________________

**(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)**

**Застапник / полномошник на барателот на информацијата:** ____________________

____________________________________________

**(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)**

**Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:**

1. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов "ИЗВЕСТУВАЊЕ" заведено во Државна комисија за спречување на корупцијата под бр. 12-5210/3 од 16.01.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.
2. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов " ОДЛУКА" заведено во Државна комисија за спречување на корупцијата под бр. 12-5210/2 од 16.01.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.
3. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов "ИЗВЕСТУВАЊЕ" заведено во Државна комисија за спречување на корупцијата под бр. 12-1734/16 од 27.11.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.
4. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов "ОДЛУКА" заведено во Државна комисија за спречување на корупцијата под бр. 12-1734/15 од 25.11.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.

____________________________________________

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер**

**Во Скопје, 04.03.2025 година** [redacted]

**Burim Abazi**

---

**From:** [redacted]
**Sent:** Tuesday, March 4, 2025 9:23 AM
**To:** contact@dksk.org.mk; tatjana.dimitrovska@dksk.org.mk; a.cucul@dksk.org.mk; b.abazi@dksk.org.mk
**Subject:** Барање за пристап до информации од јавен карактер
**Attachments:** Барање слободен пристап до информации.pdf

**Почитувани,**

**Во прилог доставувам барање за пристап до информации од јавен карактер.**

**Со почит,**

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 03-1011/2
1.4.2025 г./v.

Врз основа на член 20 став 1 и 2 и член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-1011/1 од 10.03.2025 година, доставено од [redacted], го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 03-1011/1 од 10.03.2025 година, доставено од [redacted] до ДКСК, **ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА**.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

### *Образложение*

Барателот на информацијата, во електронска форма (преку е-маил) до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш архивски бр. 03-769/1 од 17.02.2025 година со кое побара:
*„1. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „ИЗВЕСТУВАЊЕ“ заведено во Државната комисија за спречување на корупцијата под бр. 12-5210/3 од 16.01.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.*
*2. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „ОДЛУКА“ заведено во Државната комисија за спречување на корупцијата под бр. 12-5210/2 од 16.01.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.*
*1. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „ИЗВЕСТУВАЊЕ“ заведено во Државната комисија за спречување на корупцијата под бр. 12-1734/16 од 27.11.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.*
*3. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „ОДЛУКА“ заведено во Државната комисија за спречување на корупцијата под бр. 12-1734/15 од 25.11.2024 била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.*

По разгледување на барањето, ДКСК констатираше дека располага со бараните информации и дека се работи за информации поврзани со предмет оформен врз основа

на пријава од познат подносител. На 98-та седница на ДКСК на ден 11.01.2024 година е донесена Одлука бр. 08-5210/2 од 16.01.2024 година, објавена на веб страницата на ДКСК и со Известување бр. 12-5210/3 од 16.01.2024 година Одлуката е доставена до пријавителот на запознавање и за предмет оформен по доставена пријава од познат подносител за што ДКСК на 10-та седница одржана на 08.11.2024 година донесе Одлука бр. 12-1734/15 од 25.11.2024 година, објавена на веб страницата на ДКСК и со Известување бр. 12-1734/16 од 27.11.2024 година Одлуката е доставена до пријавителот за запознавање.

ДКСК по однос на сите бараните информации одлучи на следниот начин:

По однос на бараната информација: *1. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „ИЗВЕСТУВАЊЕ" заведено во Државната комисија за спречување на корупцијата под бр. 12-5210/3 од 16.01.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.*
*2. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „ОДЛУКА" заведено во Државната комисија за спречување на корупцијата под бр. 12-5210/2 од 16.01.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.* Ве известуваме дека барањето се одбива од причина што бараната информација претставува личен податок и доставувањето на ваква информација би значело откривање на информации со смисла на член 4 став 1 точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а се однесува на трето лице кој е подносител на пријава и врз основа на кој е формиран предмет бр. 12-5210 од 2024 година.

Предметното барање за пристап до информации од јавен карактер и споделување на истото е во спротивност со членот 7 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Откривањето или на друг начин правење на достапни на ваквиот документ значи повреда на одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

По однос на бараната информација „*1. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „ИЗВЕСТУВАЊЕ" заведено во Државната комисија за спречување на корупцијата под бр. 12-1734/16 од 27.11.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.*
*3. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „ОДЛУКА" заведено во Државната комисија за спречување на корупцијата под бр. 12-1734/15 од 25.11.2024 била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.* ДКСК ви достави одговор преку решение за позитивен одговор бр. 03-928/2 од 13.03.2025 година по претходно донесено барање за пристап до информации од јавен карактер од ваша страна.

Од сето погоре наведеното, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

Претседател
Татјана Димитровска

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице,
Одобрил: Адем Чулуљ – Генерален секретар,

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PER PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: Pranuar: 09-04-2025
Орг. Единица Nj. Organizative: 03 | Број Numri: 1011/3 | Прилог Shtojcë: | Вредност Vlera:

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, врз основа на член 111 став 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а согласно член 27, член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19) и Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20), постапувајќи по Жалбата изјавена од [redacted] поднесена против Државна комисија за спречување на корупцијата, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, на ден 08.04.2025 година го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1. Жалбата изјавена од [redacted] поднесена против Државна комисија за спречување на корупцијата, заведена во Агенцијата под бр.08-107 на 26.03.2025 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, СЕ УВАЖУВА.
2. СЕ НАЛОЖУВА на Имателот на информации да постапи по Барањето на Барателот согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
3. Имателот на информации е должен да го спроведе ова Решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted] како што е наведено во Жалбата, на 04.03.2025 година поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер до Државната комисија за спречување на корупцијата, со кое побарал по пошта или по е-маил да му се достави препис од следните информации:

„1. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „Известување" заведено во Државна комисијаза спречување на корупцијата под бр.12-5210/3 од 16.01.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.

2. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „Одлука" заведено во Државна комисија за спречување на корупцијата под бр.12-5210/2 од 16.01.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.
3. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „Известување" заведено во Државна комисија за спречување на корупцијата под бр.12-1734/16 од 27.11.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.
4. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „Одлука" заведено во Државна комисија за спречување на корупцијата под бр.12-1734/15 од 25.11.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта".

Имателот на информации на ова Барање не одговорил во законски предвидениот рок, поради што Барателот на информацијата, во законски предвидениот рок, поднел Жалба заведена во Агенцијата под бр. 08-107 на 26.03.2025 година.

Агенцијата со електронски допис бр.08-107 од 26.03.2025 година ја препрати Жалбата до Имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијта да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации не одговори на дописот на Агенцијата.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер по разгледувањето на Жалбата и другите списи во врска со предметот утврди дека Имателот на информации не постапил согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно во законски предвидениот рок не ги доставил бараните информации до Барателот, на начин и во форма наведени во Барањето, ниту донел управен акт согласно горенаведениот Закон, поради што согласно член 20 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се смета дека Барањето е одбиено.

Согласно погоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение странката може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена.

Директор,
Пламенка Бојчева

Бр.-Nr. 08-107
08.04.2025
Скопје

Изработил: Макфирете Морина Сулејмани
Контролирал: Василка Поп Ѓорѓиева
Одобрил: Петар Гајдов

Доставено до:
- архива на Агенцијата
- жалителот/барател на информацијата
- имател на информацијата

**Burim Abazi**

---

| | |
|---|---|
| **From:** | [redacted] |
| **Sent:** | Tuesday, April 8, 2025 1:11 PM |
| **To:** | [redacted] b.abazi@dksk.org.mk; contact@dksk.org.mk |
| **Subject:** | Решение 08-107 |
| **Attachments:** | Решение 08-107.pdf |

Почитувани,
Во прилог ви го доставувам Решението 08-107
Со почит

## Burim Abazi

**From:** Burim Abazi <b.abazi@dksk.org.mk>
**Sent:** Wednesday, April 9, 2025 11:34 AM
**To:** [redacted]
**Cc:** 'a.cucul@dksk.org.mk'; 'tatjana.dimitrovska@dksk.org.mk'
**Subject:** ИЗВЕСТУВАЊЕ!
**Attachments:** Решение за одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер 03-1011-2.pdf; Барање за пристап до информации од јавен карактер 03-1011-1 од 10.03.2025.pdf

Почитувана,

До ДКСК од страна на барателот [redacted] е доставено барање за пристап до информации од јавен карактер преку електронска форма заведено под наш архивски бр. 03-1011 од 10.03.2025 година.

ДКСК како имател на информации го разгледа барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено [redacted] и по истото постапи согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно донесе Решение со кое барањето се ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА, заведен под архивски бр. 03-1011/2 од 01.04.2025 година.

Со почит,

**From:** [redacted]
**Sent:** Tuesday, April 8, 2025 1:11 PM
**To:** [redacted] b.abazi@dksk.org.mk; contact@dksk.org.mk
**Subject:** Решение 08-107

Почитувани,
Во прилог ви го доставувам Решението 08-107
Со почит

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено Pranuar | 19-05-2025 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг.Единица Nj.Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03-1011/6 | | | |

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер согласно член 109 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015), а врз основа на член 27 и член 34 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 60/20), постапувајќи по Жалбата изјавена од [redacted], поднесена против Државна комисија за спречување на корупцијата, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, на 14.05.2025 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Жалбата изјавена од [redacted], поднесена против Државна комисија за спречување на корупцијата, заведена во Агенцијата под бр.08-107 на 28.04.2025 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **СЕ ОДБИВА како неоснована.**

2. **СЕ ПОТВРДУВА** Решението на Имателот на информација бр.03-1011/2 од 01.04.2025 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

[redacted], како што е наведено во Жалбата, на 04.03.2025 година поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер до Државната комисија за спречување на корупцијата, со кое побарал по пошта или по е-маил да му се достави препис од следните информации:

„ 1. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „Известување" заведено во Државна комисијаза спречување на корупцијата под бр.12-5210/3 од 16.01.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.

2. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „Одлука" заведено во Државна комисија за спречување на корупцијата под бр.12-5210/2 од 16.01.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.

3. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „Известување" заведено во Државна комисија за спречување на корупцијата под бр.12-1734/16 од 27.11.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта.

4. Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „Одлука" заведено во Државна комисија за спречување на корупцијата под бр.12-1734/15 од 25.11.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта".

Имателот на информации на ова Барање не одговорил во законски предвидениот рок, поради што Барателот на информацијата, во законски предвидениот рок, поднел Жалба заведена во Агенцијата под бр. 08-107 на 26.03.2025 година.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, постапувајќи согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја разгледа Жалбата изјавена од Барателот на информацијата и донесе Решение бр.08-107 од 08.04.2025 година со кое **ЈА УВАЖИ и му наложи на Имателот на информации да постапи** согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Постапувајќи по Решението на Агенцијата, Имателот на информации на 09.04.2025 година до Агенцијата достави Решение со нивен бр.03-1011/2 од 01.04.2025 година со кое Барањето на Барателот делумно се уважува, заведено во Агенцијата под бр.08-107. Во Решението е наведено: „По разгледување на барањето, ДКСК констатираше дека располага со бараните информации и дека се работи за информации поврзани со предмет оформен врз основа на пријава од познат подносител. На 98-та седница на ДКСК на ден 11.01.2024 година е донесена Одлука бр.08-5210/2 од 16.01.2024 година, објавена на веб страницата на ДКСК и со Известување бр.12-5210/3 од 16.01.2024 година, Одлуката е доставена до пријавителот на запознавање...По однос на бараната информација: 1.Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „Известување" заведено во Државната комисија...под бр. 12-5210/3 од 16.01.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта. 2. Доказ дека доставата на службениот документ „Одлука" заведена во Државната комисија ... бр.12-5210/2 од 16.01.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта. Ве известуваме дека барањето се одбива од причина што бараната информација претставува личен податок и доставувањето на ваква информација би значело откривање на информации со смисла на член 4 став 1 точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а се однесува на трето лице кое е подносител на пријава и врз основа на кој е формиран предмет бр.12-5210 од 2024 година. ...По однос на бараната информација „1.Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „Известување" ... бр.12-1734/16 од 27.11.2024 година била извршена по поштенска пратка и електронска пошта. 3.Доказ дека доставата на службениот документ со наслов „Одлука" заведено во Државната комисија ...бр.12-1734/15 од 25.11.2024 била извршена по поштенска пратка и електронска пошта. ДКСК ви достави одговор преку решение за позитивен одговор бр.03-928/2 од 13.03.2025 година по претходно донесено барање за пристап до информации од јавен карактер од ваша страна.

Барателот на информации во законски предвидениот рок, поднесе повторно Жалба заведена во Агенцијата под бр. 08-107 на 28.04.2025 година. Во Жалбата е наведено: „...Бидејќи не е постапено согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја поднесувам оваа жалба и барам да ги преземете сите потребни дејствија и активности согласно позитивните законски прописи."

Агенцијата со електронски допис бр.08-107 од 28.04.2025 година ја препрати Жалбата до Имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации на 02.05.2025 година до Агенцијата по електронски пат достави Одговор на жалба, на кој е наведено: „Според наводите во втората Жалба, барателот сега жалителот наведува дека ДКСК го нема спроведено Решението бр.08-107 од 08.04.2025 година донесено од страна на Агенцијата.....повторно Ве известуваме дека е постапено по барањето за пристап...бр.03-1011/1 од 10.03.2025 година и за истото има донесено решение бр.03-1011/2 од 01.04.2025 година. ...Дополнително Ве известуваме дека

од страна на Барателот досега се поднесени повеќе од десет (10) барања за пристап до информации од јавен карактер, на различни временски интервали. Сите поднесени барања се процесирани и одговорени во рамки на законски предвидениот рок согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Сепак, од содржината на поднесените барање јасно произлегува дека истите не се однесуваат на информации кои имаат карактер од јавен интерес, туку се однесуваат на информации поврзани со постапување по поднесена пријава од страна на барателот. Таквите барања, по својата природа и суштина, не претставуваат информации од јавен карактер туку се однесуваат на личен интерес на барателот, со што се надминува рамката и целта на правото на слободен пристап... ". Во прилог достави доказ дека по електронски пат на 01.04.2025 година му е доставено Решението на Имателот до Барателот на информации.

Имателот на информации по електронски пат дополнително го достави спроведениот Тестот на штетност, во кој наведува: „документите се дел од предметот за што ДКСК процени дека со објава на овој документ последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавување на информацијата. ДКСК, постапувајќи во смисла на член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во врска со член 3 став 1 точка 6 од истиот закон, ги разгледа последиците кои можат да настанат доколку позитивно одговори на барањето...По разгледување на резултатите од спроведениот тест за штетност, односно по разгледување на последиците врз интересот кој се заштитува во однос на јавниот интерес кој би се постигнал со доставување на бараните документи.."

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја разгледа Жалбата изјавена од Барателот на информацијата, истата ја одби како неоснована, а Решението бр.03-1011/2 од 01.04.2025 година на Имателот на информации го потврди, поради следното:

По разгледувањето на Барањата, Жалбите, Решението и Одговорот на жалба на Имателот на информации, Агенцијата констатира дека во конкретниот случај, Имателот на информации постапил правилно и согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со тоа што согласно член 20 од истиот Закон донел правилно и засновано Решение.

Во конкретниот случај, Имателот на информации со донесеното Решение бр.03-1011/2 од 01.04.2025 година во врска со точката 1 и 2 од Барањето, по спроведениот Тест на штетност го одбива пристапот согласно член 6 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, бидејќи во конкретниот случај станува збор за информации/документи кои се однесуваат на трети лица, кој исто така е подносител на пријава, додека за точката 3 од Барање наведува дека „ДКСК ви достави одговор преку решение за позитивен одговор бр.03-928/2 од 13.03.2025 година по претходно донесено барање за пристап до информации од јавен карактер од ваша страна".

Агенцијата смета дека во конкретниот случај Имателот на информации правилно постапил по Барањето на Барателот, бидејќи станува збор за поднесена пријава од трето лице, документ кој не е создаден од Имателот на информации, туку е поднесен до Имателот на информации.

Согласно член 6 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до „личен податок“ чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци.

Согласно член 4 од Законот за заштита на личните податоци е „личен податок“ е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.

Што се однесува во наводите на Одговорот на жалба на Имателот на информации дека: „од страна на Барателот досега се поднесени повеќе од десет (10) барања за пристап до информации од јавен карактер, на различни временски интервали... јасно произлегува дека истите не се однесуваат на информации кои имаат карактер од јавен интерес, туку се однесуваат на информации поврзани со постапување по поднесена пријава од страна на барателот. Таквите барања, по својата природа и суштина, не претставуваат информации од јавен карактер туку се однесуваат на личен интерес“, Агенцијата му укажува на Барателот на информации за следното:

Целта на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и на Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е на физичките и правните лица да им се овозможи да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и обезбедат јавност и отвореност во работењето на органите, за начинот на користење и трошење на јавните пари, парите на граѓаните, да се овозможи учество на граѓаните во креирањето и водењето на јавните политики и слично, а не да го користи ова право на начин со која оптоварува работата и редовното функционирање на органот.

Согласно погоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение странката може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена.

Директор,
Пламенка Бојчева

Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia për mbrojtjen e të drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр. 08-107
14.05 20 25 год.
СКОПЈЕ - SHKUP

Изготвил: Макфирете Морина Сулејмани
Контролирал: Василка Поп Ѓорѓиева
Одобрил: Петар Гајдов
Доставено до:
- архива на Агенцијата
- жалителот/барател на информацијата
- имател на информацијата

**Burim Abazi**

---

**From:** [redacted]
**Sent:** Thursday, May 15, 2025 2:11 PM
**To:** b.abazi@dksk.org.mk
**Cc:** contact@dksk.org.mk
**Subject:** Решение 08-107
**Attachments:** Второ решение 08-107.pdf

Почитувани,

Во врска по поднесена втора Жалба до Агенцијата, во прилог на овој допис Ви го доставуваме второто Решение на Агенцијата.

Со почит


Александра Атанасовска Ѓорѓијеска
Помлад соработник

Република Северна Македонија

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО
НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО
ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Бул. Гоце Делчев бр.18
1000 Скопје, Република Северна Македонија
моб: 070 270 216
Тел: 02 3127 453
Факс: 02 3118 038
www.aspi.mk